Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 250//0306
13.05 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 24.04.2025 година, врз основа на примена жалба од **Жарко Чулиќ,** ја донесе следнава:

## ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА

Текстот со наслов **„Последно збогум за загинатите во трагедијата во Кочани“, објавена на веб страницата на интернет порталот „Дојче веле на македонски“**, (www.dw.com.mk), на 20.03.2025.година, не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ упати жалба за текстот со наслов „Последно збогум за загинатите во трагедијата во Кочани“, објавена на веб страницата на интернет порталот „Дојче веле на македонски“, (www.dw.com.mk), на 20.03.2025.година, при што се жали на нарушување на приватноста и незаштитена малолетна публика.

Во жалбата е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот) и линкот од објавата.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот  стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот, во кој се отфрлаат наводите во жалбата и се вели дека таа е неоснована. Во одговорот меѓу другото се наведува:
„И текстот и фотографиите се однесуваат на јавен настан кој предизвика големо внимание во јавноста и кој, на некој начин, беше кулминација на една голема трагедија која ја потресе целата земја. Сите фотографии се снимени на јавно место, а дополнително една од нив е снимена и од место специјално означено за сликање за фоторепортерите и новинарите за време на настанот. Дополнително, внимателно е избрана водечката фотографија на која сите луѓе се свртени со грб кон камерата. Преостанатите три фотографии се снимени на јавен простор, на улиците на градот и не може да стане збор за ‘нарушување на приватноста’. Редакцијата, исто така, ја отфрла и жалбата по основ на незаштитена малолетна публика.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Последно збогум за загинатите во трагедијата во Кочани“, објавена на веб страницата на интернет порталот „Дојче веле на македонски“, (www.dw.com.mk), на 20.03.2025.година, не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со жалбата и утврди дека станува збор за текст проследен со фотографии и видеоматеријали, објавени во рамки на т.н. дневно „информирање во низа“ за погребот на настраданите во трагедијата што се случи на 16 март во дискотеката „Пулс“ во Кочани.

Комисијата констатира дека се работи за трагедија што предизвика длабока колективна и лична болка и тага, поради што настанот беше во фокусот не само на домашната, туку и на меѓународната јавност. Ваквите настани, поради нивниот трагичен карактер и општествено значење, природно предизвикуваат голем интерес на јавноста, што го оправдува медиумското покривање кое треба да биде внимателно и соодветно насочено кон изразување почит кон жртвите и сочуство кон нивните најблиски.

По прегледот на оспорените содржини, Комисијата целосно се согласи со објаснувањето на редакцијата дека „сите фотографии се снимени на јавно место“ и дека изборот на фотографиите е направен внимателно и без нарушување на приватноста на ожалостените. Дополнително, беше оценето дека визуелната и текстуалната презентација на содржините е направена со соодветна почит кон чувствителноста на настанот, без елементи на сензационализам.

Од тие причини Комисијата донесе одлука дека нема прекршување на етичките стандарди во известувањето и не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинари на Македонија.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев, Зериета Јајага и Жана Божиновска.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595